**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-220/10**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука, сметка за приходи остварени од еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство за 2007 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за еквиваленција и признавање на квалификации во високото образование за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија..

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Сулејман Рушити - министер

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03. - 30.05 2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 15.07.2008 година под архивски број 1104-220/4 примени се забелешки по точките 10.1.1 и 10.2.1 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е одлучено да не се прифатат бидејќи не се доставени докази ниту изнесени аргументи кои ги побиваат наодите на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој извештај, ревизијата го утврди следното :

### 11.1 Неправилност во искажувањето на приходите/расходите

11.2.1. Ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на расходите во износ од 1.448 илјади денари исплатени за работа на 5 комисии за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство по научни области (медицински науки и здравство; биотехнички науки; хуманистички науки; општествени науки и природно - математички науки).

Решенијата за исплата на надоместокот за работа на членовите во Комисијата не се изготвувани врз основа на бројот на решени предмети, што претставува критериум согласно Решенијата за обезбедување наменски средства за работа на комисиите, кои ја предвидуваат висината на надоместокот според решен предмет и според статусот на членот на комисијата (претседател или член). Ваквата состојба може да има за ефект неоснована исплата на средства.

**Препорака**

1. Одговорните лица во Министерството за образование и наука да обезбедат исплатата нанадоместокот за работа на членовите на комисиите за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство да се врши врз основа на бројот на решени предмети.

### 11.2 Ненаменско и незаконско користење на средства

11.2.1. Спротивно на Законот за извршување на буџетот, ревизијата утврди неосновани исплати во износ од 1.438 илјади денари на 6 вработени лица (министер, раководител на Сектор за подршка на работата на министерот, двајца раководители на сектори, раководител на одделение и надворешно ангажирано лице) за работа во Комисијата за еквиваленција и признавање високообразовни квалификации стекнати во странство. Со оглед дека

Законот за високо образование утврдува состав на комисијата од пет члена од кои тројца се универзитетски професори од соодветната област, а само два члена се стручни лица од органот надлежен за високото образование, шестмината вработени не можеле и не биле вклучени во работата на комисијата, што беше потврдено со увид во записниците од седниците на Комисијата за еквиваленција и признавање високообразовни квалификации стекнати во странство. Освен тоа согласно актот за организацијата и работа на МОН, подршката на постапката за утврдување на еквиваленција и признавање високообразовни квалификации е обезбедена и од Информативниот центар за признавање кој е дел од Секторот за високо образование.

**Препорака**

1. Министерот за образование и наука да донесе решенија за враќање на неосновано исплатените средства од лицата кои ги примиле а стручните служби за обезбедување законско работење во министерството да преземат одговорност и обврска да го усогласат основот за изплата согласно законските прописи.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 11.1.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Минстерството за образование и наука, сметка за приходи остварени од еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство под 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива .

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 11.2.1. кај Министерството за образование и наука - сметка за приходи остварени од еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 4.058 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **4.058** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 3.918 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **3.918** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **3.918** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **140** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 140 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **140** | **0** |
| **Вкупна актива** | **140** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 140 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **140** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **140** | **0** |